Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 243/2
15-02-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08–243/1 од 13.02.2024 година, поднесена од [redacted], со адреса на живеење на [redacted], за извршена дискриминација во областа работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен Весник на Република Северна Македонија", бр. 258/20), го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08–243/1 од 13.02.2024 година, поднесена од [redacted] со адреса на живеење на [redacted], **ЗАРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 13.02.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) беше поднесена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted] од Брвеница, со адреса на живеење на [redacted] за извршена дискриминација во областа на работата и работните односи, од страна на лицето [redacted] раководител на одделение во Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјални работи Тетово.

Видно од наводите во претставката, подносителката е вработена во Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјални работи Тетово на работно место – Социјален работник во Оддел за права и парична помош Општина Тетово и претставката ја поднесува затоа што е незадоволна од годишната оценка впишана во Образец за годишно оценување на давател на јавна услуга во дејноста на социјалната заштита. Според именуваната на овој начин се повредува нејзиниот углед, авторитет на работното место и истата наведува дека како резултат на наведеното е дискриминирана од страна на непосредно претпоставениот раководител на Одделение - [redacted] кој според неа погрешно ја утврдил нејзината годишна оценка за работењето. Воедно наведува дека целокупната постапка за полугодишно и годишно оценување не била спроведена согласно одредбите од Закон за социјална заштита со чии одредби е уредена предметната материја, а истите се прекршени од страна на именуваниот раководител - [redacted] и поранешната в.д директорка на Јавна Установа Меѓуопштински центар за социјални работи Тетово – [redacted]

Од изнесеното во претставката, Комисијата утврди дека нема надлежност за постапување по конкретното прашање согласно нејзините утврдени надлежности со член 21 став (1) од Закон за спречување и заштита од дискриминација. Имено, со оглед дека подносителката на претставката истакнува незадоволство од годишната оценка со која е оценета за нејзиното работење во 2023 година, согласно Закон за социјална заштита именуваната заштита можела да оствари пред Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во законски утврдениот рок, додека пак во однос на несоодветно спроведената постапка за оценување Комисијата ја упатува именуваната заштита да побара пред Државниот инспекторат за труд.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје
15.02.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Заменик Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk